По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) е направена грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ

Во членот 31 ставот (3) треба да гласи:

„(3) Надлежноста од ставовите (1) и (2) на овој член ќе ја вршат судовите и тоа: Основниот суд во Битола и за подрачјето на Основниот суд во Ресен; Основниот суд во Прилеп и за подрачјето на Основниот суд во Крушево; Основниот суд во Охрид за подрачјето на Основниот суд во Охрид; Основниот суд во Струга за подрачјето на Основниот суд во Струга; Основниот суд во Гостивар и за подрачјето на основните судови во Кичево и Дебар; Основниот суд во Тетово за подрачјето на Основниот суд во Тетово; Основниот суд во Куманово и за подрачјето на основните судови во Крива Паланка и Кратово; Основниот суд во Кочани и за подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево; Основниот суд во Велес и за подрачјето на основните судови во Гевгелија, Кавадарци и Неготино; Основниот суд во Струмица и за подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Штип и за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе.“

Бр. 10-1972/2
17 мај 2006 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република
Македонија